# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Среда, 12 февруари 1975
Скопје
Број 3 Год. XXXI

Претплатата за 1975 година изнесува 300 динари. Овој број чини 3 дин. Жиро сметка 40100-601-128

**20.**

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за материјално обезбедување на учесниците во Народноослободителната војна („Службен весник на СРМ“ бр. 26/68 и 35/71), Извршниот совет донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ФУНКЦИЈАТА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ И ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА МАТЕРИЈАЛНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ ОД НОВ

I. Се утврдува престанување на функцијата претседател и членови на Комисијата за материјално обезбедување на учесниците во Народноослободителната војна, поради истекување на мандатот на:

Никола Митевски, претседател,
Илија Беличанец,
Рифат Вела,
Ицко Трајковски.

II. За претседател и членови на Комисијата за материјално обезбедување на учесниците од Народноослободителната војна се именуваат:

а) за претседател
БОРО ЧУШКАР, пензионер од Скопје;

б) за членови:
1. ВОЈО ДАВИТКОВСКИ, пензионер од Скопје;
2. ЛАЗАР КАЛАЈЏИСКИ, член на Сојузниот одбор на здруженијата на борците од НОВ;
3. КЕРИМА МУЧА, член на Сојузниот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ;
4. ЃОРЃИ ТАПАНЏИСКИ, пензионер од Скопје;
5. БОТА ТРЕНДОВА, член на Претседателството на Републичкиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ за Македонија;
6. ДИМИТАР ТУПУРКОВСКИ, пензионер од Скопје.

III. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-3035/1
24 декември 1974 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов**, с. р.

**21.**

Врз основа на член 30 став 3 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ“ бр. 17/65 и 16/69), Извршниот совет донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ СОВЕТНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

1. Се именува за советник на републичкиот секретар за здравство и социјална политика Стрезо Ангеловски, досегашен помошник на директорот на Новинско-издавачката куќа „Наша книга“ во Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-3138/1
24 декември 1974 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов**, с. р.

---

**22.**

Врз основа на член 46 став 1 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ“ бр. 17/65 и 16/69), Извршниот совет донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ГЛАВЕН РЕПУБЛИЧКИ ИНСПЕКТОР НА РЕПУБЛИЧКИОТ УРБАНИСТИЧКИ ИНСПЕКТОРАТ

1. Се именува за главен републички инспектор на Републичкиот урбанистички инспекторат во Републичкиот секретаријат за урбанизам, станбени и комунални прашања Љубомир Тасевски, досегашен директор на Претпријатието „Нова градба“ во Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-3139/1
24 декември 1974 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов**, с. р.

**23.**

Врз основа на член 30 став 3 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ" бр. 17/65 и 16/69), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ СОВЕТНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА СООБРАЌАЈ И ВРСКИ

1. Се именува за советник на републичкиот секретар за сообраќај и врски Чедомир Теов, досегашен советник на републичкиот секретар за индустрија и трговија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 12-3140/1
24 декември 1974 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

---

**24.**

Врз основа на член 30 став 3 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ" бр. 17/65 и 16/69), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТ СОВЕТНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ИНДУСТРИЈА И ТРГОВИЈА

1. Се разрешува од должност советник на републичкиот секретар за индустрија и трговија Чедомир Теов, поради именување на нова должност.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 12-3140/2
24 декември 1974 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

---

**25.**

Врз основа на член 40 од Правилникот за условите и начинот за вршење задолжителна имунизација против заразните болести („Службен лист на СФРЈ" бр. 2/65), Републичкиот секретаријат за здравство и социјална политика, на предлог од Републичкиот завод за здравствена заштита на СР Македонија, донесува

## ПРОГРАМА

### ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНА ИМУНИЗАЦИЈА НА НАСЕЛЕНИЕТО ПРОТИВ ЗАРАЗНИТЕ БОЛЕСТИ ВО 1975 ГОДИНА

Во 1975 година имунизацијата е задолжителна:

1. Против големите сипаници (Variola Vera), туберкулозата (Tuberculosis), дифтеријата (Diphteria), тетанусот (Tetanus), големата кашлица (Pertussis), детската парализа (Poliomyelitis anterior acuta) и малите сипаници (Morbilli) — за сите лица на определена возраст;

2. Против беснилото (Lyssa) — за сите лица повредени од бесно животно или од животно за кое се сомнева дека е бесно;

3. Против колерата (Cholera asiatica), големите сипаници (Variola Vera) и жолтата треска (Febris Flava) — за сите лица кои патуваат во земја во која постои некоја од тие болести или во земја која бара имунизација против тие болести;

4. Против цревниот тифус (Typhus abdominalis) и други заразни болести — за сите лица за кои постојат епидемиолошки индикации.

Задолжителната имунизација против заразните болести од точка 1 се извршува исклучиво на перманентен начин — континуирано имунизирање во текот на целата година, а против детска парализа од 1 јануари до 30 јуни и од 1 октомври до 31 декември 1975 година со тритипна вакцина, согласно член 8 од Законот за спречување и сузбивање на заразните болести („Службен весник на СРМ" бр. 9/67 и 35/71).

I

Имунизација против туберкулоза се врши:

1. без тестирање на сите деца до навршени два месеца на живот;

2. на сите лица од навршени два месеца до навршени осумнаесет години со претходно тестирање кои примарно не се вакцинирани ако се на туберкулин негативни;

3. ревакцинирање се врши според календарот за имунизација.

II

Имунизација против дифтерија, тетанус и голема кашлица:

А. Вакцинирање се врши:

1. на сите деца родени од 1. X. 1974 до 30. IX. 1975 година на возраст определена со календарот за имунизација;

2. на сите деца до навршена петгодишна возраст кои дотогаш не се уредно вакцинирани и ревакцинирани, а не прележале голема кашлица.

Б. Ревакцинирање се врши:

1. на сите деца комплетно вакцинирани во 1974 година против дифтерија, тетанус и голема кашлица — на возраст определена со календарот за имунизација;

2. на сите деца комплетно вакцинирани до петгодишна возраст ако од имунизацијата поминало најмалку една година, а не повеќе од три години;

3. на сите деца во петтата година на возраста ако претходно биле вакцинирани и ревакцинирани според календарот за имунизација.

III

Имунизација против дифтерија и тетанус:

А. Вакцинирање се врши:

1. на сите деца до 5 годишна возраст кои уредно не се вакцинирани или ревакцинирани, а ја прележале големата кашлица;

2. на сите деца родени 1968 и 1969 година кои не биле уредно вакцинирани и ревакцинирани против дифтерија и тетанус.

Б. Ревакцинирање се врши:

1. на сите деца во седмата година на возраста кои порано уредно се вакцинирани и ревакцинирани против дифтерија и тетанус според календарот за имунизација;

2. на сите деца вакцинирани за првпат против дифтерија и тетанус во шестата и седмата годишна возраст во 1974 година, ако од вакцинирањето поминало една година.

IV

Имунизација против тетанус:

А. Вакцинирање се врши:

1. на сите деца од навршени осум години до навршени дваесет години на возраста кои против тетанус порано не биле вакцинирани.

Б. Ревакцинирање се врши:

1. на сите лица во тринаесеттата и осумнаесеттата година на возраста кои претходно уредно биле вакцинирани против тетанус со вакцина Ди-Те-Пер односно Ди-Те или Те.

V

Имунизација против детска парализа:

А. Вакцинирање се врши:

1. на сите деца родени од 1. X. 1974 година до 30. IX. 1975 година според календарот за имунизација;

2. на сите лица родени од 1. I. 1956 до 30. X. 1975 година кои порано не биле вакцинирани.

Б. Ревакцинирање се врши:

1. на сите деца комплетно вакцинирани во 1974 година ако од вакцинирањето поминало една година;

2. на сите деца во четвртата и седмата година кои претходно биле комплетно вакцинирани и ревакцинирани според календарот за имунизација.

VI

Имунизација против мали сипаници:

Вакцинирање се врши:

1. на сите деца родени од 1. IV. 1974 година до 31. III. 1975 година кои не прележале мали сипаници според календарот за имунизација;

2. на сите деца родени од 1. I. 1971 година до 31. III. 1974 година кои не прележале мали сипаници, а не се вакцинирани против мали сипаници.

VII

Имунизација против големи сипаници:

А. Вакцинирање се врши:

— на сите деца од навршени десет месеци на возраст до навршени три години, ако претходно не биле вакцинирани.

Б. Ревакцинирање се врши:

— на сите деца во седмата и четиринаесеттата година на возраста ако претходно биле успешно вакцинирани и ако од вакцинирањето поминало три години.

Имунизацијата против определените заразни болести во оваа програма се врши по следниот

## КАЛЕНДАР ЗА ИМУНИЗАЦИЈА

| Возраст на лице што подлежи на имунизација | Болеста против која се врши имунизација | Имунизирање: — вакцинирање — ревакцинирање |
|---|---|---|
| до 2 месеца | Туберкулоза без тестирање | вакцинирање |
| 4,5 и 6 месеци | Дифтерија — тетанус — пертусис (3 дози) | вакцинирање |
| 4,5 1/2 и 7 месеци | Детска парализа (3) дози тритипна вакцина | вакцинирање |
| 10 месеци | Мали сипаници | вакцинирање |
| 11 месеци | Големи сипаници | вакцинирање |
| 18 месеци | Дифтерија — тетанус — пертусис (1 доза) | I ревакцинирање |
| 20 месеци | Детска парализа (1 доза) тритипна вакцина | I ревакцинирање |
| 12—30 месеци | Туберкулоза (со тестирање) | I ревакцинирање |
| 4 години | Детска парализа (1 доза) тритипна вакцина | II ревакцинирање |
| 5 години | Дифтерија — тетанус — пертусис (1 доза) | II ревакцинирање |
| 7 години | Големи сипаници | I ревакцинирање |
| | Туберкулоза | II вакцинирање |
| | Детска парализа (1 доза) тритипна вакцина | II ревакцинирање |
| 7 години | Дифтерија — тетанус (доза) | III ревакцинирање |
| 13 години | Тетанус | IV ревакцинирање |
| | Туберкулоза | III ревакцинирање |
| 14 години | Голема сипаница | II ревакцинирање |
| 18 години | Туберкулоза | IV ревакцинирање |
| 18 години | Тетанус | V ревакцинирање |

VIII

На кампањски начин се врши задолжителна имунизација (вакцинирање и ревакцинирање) против следните заразни болести и над следните лица:

а) Против туберкулоза (Tuberculosis) се имунизираат со БСЖ вакцина сите лица повозрасни од 18 години, кои работат во антитуберкулозни диспанзери и други работни организации за дијагностика и лекување од туберкулоза, ако не реагираат на туберкулин и ако од последното имунизирање изминало најмалку една година;

б) Против цревниот тифус (Typhus abdominalis) се имунизираат сите лица:

— кои работат во бактериолошки лаборатории, болници и одделенија за лекување на болни од заразни болести;

— кои работат на одржување на чистотата на населените места (поправка на канализација, чистење на нужнички јами, отстранување на отпадни материи од населбите и сл.);

— кои учествуваат на младински работни акции или кои работат на големи градилишта и земјоделски стопанства.

Ревакцинација на лицата од оваа точка се врши со една доза на секои три години од денот на вакцинирањето;

в) Против големите сипаници (Variola Vera) се имунизираат сите лица:

— кои работат во сообраќајот и во објекти на меѓународниот железнички, патнички и воздушен сообраќај;

— кои како претставници на органите на внатрешни работи и на царинската служба работат во пограничните места преку кои се врши меѓународен железнички и патнички сообраќај;

— кои како медицински персонал во органите на санитарната инспекција вршат здравствен надзор на границите, персоналот на работа во микробиолошките лаборатории и здравствените работни организации, кои доаѓаат во допир со болни или со нивните предмети, освен персоналот кој е на работа во работните организации за лекување на болни од туберкулоза и во родилните домови;

— кои доаѓаат од подрачја каде има големи сипаници, ако овие лица немаат прописно уверение дека се вакцинирани според одредбите од Меѓународниот санитарен правилник, како и лицата кои патуваат во земја која има големи сипаници или во земја која бара имунизација против оваа болест.

Овие лица кои не се примарно вакцинирани се вакцинираат, а другите лица кај кои од примарното вакцинирање поминало најмалку три години се ревакцинираат;

г) Против беснило (Lyssa) се имунизираат сите лица што ќе бидат повредени од бесно животно или од животно за кое се сомнева дека е бесно.

Под повредено лице во смисла на оваа точка се смета особено лицето:

1. укасано или огребено од лисица, волк или некое друго диво животно;
2. укасано од куче што е непознато и што не може да се држи под ветеринарна контрола;
3. укасано од куче кое во рок од 14 дена од денот на повредата на лицето покажува знаци на беснило, пцовиса или одлута;
4. укасано од куче во пределот на главата или вратот или во пределот на поголеми нервни сплетови, без оглед на состојбата и судбината на кучето;
5. укасано од мачка или друго бесно домашно животно или домашно животно за кое се сомнева дека е бесно;
6. повредено при работа со материјал што бил во допир со бесно животно или животно за кое се сомнева дека е бесно односно при обдукција на такво пцовисано животно.

IX

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од нејзиното објавување во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 06-01-3474
25 ноември 1974 година
Скопје

Републички секретар,
за здравство и социјална политика,
**Јездимир Богдански,** с. р.

## ОПШТЕСТВЕНИ ДОГОВОРИ И САМОУПРАВНИ СПОГОДБИ

**29.**

Со цел да се обезбеди усогласување на заедничките интереси на организацијата на здружениот труд „Електростопанство" во Скопје, Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, Стопанската комора на Македонија и Стопанската банка во Скопје го склучија следниот

## ОПШТЕСТВЕН ДОГОВОР

### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ДОГОВОР ЗА РАЗВОЈ НА ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТИКАТА ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ПЕРИОДОТ ДО 1975 ГОДИНА

Член 1

Во Општествениот договор за развој на електроенергетиката во Социјалистичка Република Македонија за периодот до 1975 година („Службен весник на СРМ", бр. 33/73), во член 1, по точката 7 се додаваат три нови точки, кои гласат:

„8. ТЕ Битола 210 MW (еден блок) со рудник за јаглен,

9. Довод на Шарските води — довршување,

10. Студии и истраги".

Член 2

Член 7 се менува и гласи:

„Динамиката на вложувањето во градбата на објектите и за намените од член 1 ќе се врши во рамките на следниве рокови:

За објектот од точка 1 — од 1972 до 1973 година
За објектот од точка 2 — од 1974 до 1975 година
За објектот од точка 3 — од 1972 до 1975 година
За објектот од точка 4 — во 1975 година
За објектот од точка 5 — од 1972 до 1975 година
За објектот од точка 6 — од 1972 до 1975 година
За објектот од точка 7 — во 1975 година
За објектот од точка 8 — од 1974 до 1975 година
За објектот од точка 9 — од 1974 до 1975 година
За објектот од точка 10 — од 1974 до 1975 година".

Член 3

Член 8 се менува и гласи:

„За изградбата на објектите и за намените предвидени во Програмата за развој на електроенергетиката до 1977 година и во Општествениот договор за основите за развој на електростопанството од 1974 до 1980 година, одобрувањето на средства од домашни извори, што ќе се обезбедат во износ од 1.300 милиони динари до 1975 година, да се врши согласно со критериумите од член 6, по следниот редослед:

Во милиони динари

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Учество за 100 MW во системот на СР Србија | 200 |
| 2. | ТЕ Неготино 210 MW на течно гориво и гас | 280 |
| 3. | ТЕ Осломеј 125 MW со рудник за јаглен | 280 |
| 4. | Објекти за континуитет (ХЕ Градец и ХЕ Тиквеш II). | 50 |
| 5. | Мрежа 380 KV | 160 |
| 6. | Мрежа 220 и 110 KV | 50 |
| 7. | Брана „Козјак" | 50 |
| 8. | ТЕ Битола 210 MW со рудник за јаглен | 90 |
| 9. | Довод на Шарски води — довршување | 80 |
| 10. | Студии и истраги | 80 |
| | Вкупно: | 1.300 |

Во рамките на објектите од точка 1 до 10 и износот на инвестиционите вложувања од 1.300 милиони динари од овој член, Стопанската банка — Скопје, по предлог од организацијата на здружениот труд „Електростопанство", може да врши ребаланс на средствата според стварните потреби.

Средствата од 1.300 милиони динари ќе се обезбедат од:

— Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини во износ од 750 мил. дин.

| | |
|---|---|
| Учество на „Електростопанство" — Скопје | 250 мил. дин. |
| Учество на други организации на здружениот труд и на банките | 150 мил. дин. |
| Депозит од нестопански и непроизводни инвестиции | 150 мил. дин. |
| Вкупно: | 1.300 мил. дин. |

Член 4

Во член 9, во првиот ред, наместо „став 2" се става „став 3".

Член 5

Член 10 се менува и гласи:

„Организацијата на здружениот труд „Електростопанство" — Скопје ќе обезбеди износ од 250 милиони динари за учество во изградбата на објектите од став 3 на член 8 со издвојување:

— најмалку 85% од средствата на доходот по завршните сметки за 1973 година и наредните години сè до извршувањето на Програмата, по одбивањето на средствата за договорените и законските обврски, на наплатените средства од продажба на реактивна енергија, како и на средствата за лични доходи на работниците исплатени во согласност со основите и мерилата утврдени со самоуправната спогодба за распределба на доходот и личните доходи:

— сите слободни средства на амортизацијата формирани од 1. јануари 1972 година до извршувањето на Програмата за изградба на нови електроенергетски објекти во Социјалистичка Република Македонија до 1977 година.

Под договорни обврски во смисла на став 1, алинеја 1 од овој член се подразбираат: камати на кредити и надоместок за други банкарски работи, премии за осигурување, обврски од доход по основ на обезбедување на средствата за заедничко работење и други договорни обврски кои врз основа на закон се намируваат од доходот, како и стасаните отплати по заеми кои не се обезбедуваат од средствата на амортизацијата.

Под законски обврски се подразбираат сите законски обврски, вклучувајќи го и издвојувањето на делот на заемот на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини, како и за издвојувањето во Фондот на заедничките резерви.

Наплатените средства од продадената реактивна енергија ќе се употребуваат исклучиво за изградба на уреди и објекти за компензација на реактивната електрична енергија.

Под слободни средства на амортизацијата во смисла на став 1, алинеја 2, од овој член се подразбираат калкулативните вкупни средства на амортизацијата, намалени за целиот износ на стасаните отплати по долгорочни заеми и за најнеопходните ремонти на активниот дел на електроенергетските објекти".

Член 6

Во член 11, став 2, во последниот ред се брише „точката" и се додаваат зборовите: „и основните организации на здружениот труд од „Електростопанството" за инвестициони вложувања во електроенергетски објекти".

Во член 11, се брише став 3.

Член 7

Во член 12, во вториот ред, наместо „до 5%" се става „од 5%".

Член 8

По член 12 се додава нов член 12-а, кој гласи:

„Член 12а

Износот од 150 милиони динари од член 8, став 3, алинеја 4 се обезбедува согласно со Законот за полагање на депозит при инвестициони вложувања во нови нестопански и непроизводни инвестиции („Службен лист на СФРЈ" бр. 33/71, 23/72, 71/72 и 40/73) и Законот за враќањето и користењето на средствата уплатени како депозит во нови нестопански и непроизводни инвестиции („Службен весник на СРМ" бр. 3/73, 40/73 и 43/73)".

Член 9

Член 15 се менува и гласи:

„Уплатениот износ на заемот ќе им се врати на обврзниците на следниов начин:

— на организациите на здружениот труд од „Електростопанство" во 36 еднакви полугодишни ануитети, со каматна стапка од 3,25%;

— на сите други организации на здружениот труд и на инвеститорите од член 11 на договорот во 8 еднакви годишни ануитети, со каматна стапка од 7% годишно.

Каматните стапки од став 1, алинеја 1 и 2 од овој член, Банката може да ги зголеми уште најмногу до 0,75% за сметка на своите манипулативни трошоци, провизијата и за резервниот фонд.

Заемот ќе се стави во отплата:

— на обврзниците од став 1, алинеја 1 од овој член на 1 април 1981 година, а првиот ануитет достасува за плаќање на 1 октомври 1981 година;

на обврзниците од став 1, алинеја 2 од овој член на 1 мај 1978 година, а првиот ануитет достасува за плаќање на 1 мај 1979 година.

Каматата по заемите од денот на уплатата до денот на ставањето во отплата ќе се капитализира (додава на главницата)".

Член 10

По член 23 се додава нов член 23а кој гласи:

„Член 23а

Се овластува Службата на општественото книговодство — Централа за СР Македонија да презема мерки за наплата на обврските од член 8 до 12 од овој договор".

Член 11

Овој договор влегува во сила со денот на потпишувањето од овластените претставници на потписниците на Договорот, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 12-2882/1
5 декември 1974 година
Скопје

1. за „Електростопанство" — Скопје,
**Џоца Николов**, с. р.

2. за Стопанска банка — Скопје,
**Драган Захариев**, с. р.

3. за Извршниот совет на Собранието на СРМ,
**Благој Попов**, с. р.

4. за Стопанска комора на Македонија,
**Стојан Ќосев**, с. р.

## ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА НА ВРАБОТУВАЊЕТО

**30.**

Врз основа на член 3 и член 32 став 2 од Законот за самоуправните интересни заедници на вработувањето и за материјалното обезбедување за време на привремена безработност („Службен весник на СРМ" бр. 20/74) и член 10 од Самоуправната спогодба за здружување на општинските заедници на вработувањето во Републичка заедница на вработувањето, Собранието на Републичката заедница на вработувањето, на седницата одржана на 26 декември 1974 година, донесе

### ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ОСНОВИЦАТА ПО КОЈА ПРЕСМЕТУВААТ И ПЛАЌААТ ПРИДОНЕС ЗА ВРАБОТУВАЊЕ РАБОТНИТЕ ЛУЃЕ ШТО ВРШАТ ДЕЈНОСТ СО ЛИЧЕН ТРУД И СО СРЕДСТВА ВО СОПСТВЕНОСТ НА ГРАЃАНИТЕ

I

Точката I во Одлуката за определување на основицата по која пресметуваат и плаќаат придонес за вработување работните луѓе што вршат дејност со личен труд и со средства во сопственост на граѓаните („Службен весник на СРМ" бр. 43/74) се менува и гласи:

„Со оваа одлука се утврдува основицата по која пресметуваат и плаќаат придонес за вработување работните луѓе што вршат дејност со личен труд и со средства во сопственост на граѓаните, ако сакаат да остварат право на паричен надоместок според одредбите од Законот за самоуправните интересни заедници на вработувањето и материјалното обезбедување за време на привремена безработност („Службен весник на СРМ“ бр. 20/74), самоуправните спогодби за основање на општинските заедници на вработувањето и самоуправните општи акти на општинските заедници на вработувањето“.

II

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Претседател
на Собранието на Републичката
заедница на вработувањето,
**Миливој Димитровски,** с. р.

## РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

**31.**

Врз основа на член 13 став 1 алинеја 4 од Самоуправната спогодба за здружување на општинските заедници на здравството и здравственото осигурување во Републичка заедница на здравството и здравственото осигурување број 01-1/1 од 1 јуни 1974 година и точка III став 2 од Одлуката за начинот на спроведувањето на здравственото реосигурување на работниците и за формирање Фонд на здравственото реосигурување на работниците („Службен весник на СРМ“, број 10/72 и 43/74), Собранието на Републичката заедница на здравството и здравственото осигурување, на седниците на Соборот на делегатите на корисниците на услуги-работници и Соборот на делегатите на работниците од организациите на здружениот труд што вршат здравствена дејност — даватели на услуги, одржани на 23 декември 1974 година, донесе

### ТАРИФА

### НА ПРЕМИЈАТА ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО РЕОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА 1975 ГОДИНА

I

Премијата за реосигурување на ризиците определени со Одлуката за начинот на спроведувањето на здравственото реосигурување на работниците и за формирање Фонд на здравственото реосигурување на работниците (во натамошниот текст: Фонд) се пресметува по стапката определена со оваа тарифа.

II

Премијата за здравственото реосигурување изнесува 0,30%.

III

Премијата за здравствено реосигурување се пресметува од основицата што ја сочинуваат вкупните приходи за здравствено осигурување на работниците, по одбиток на надоместокот од реосигурувањето и пренесениот вишок на приходи од претходната година.

IV

Премијата за здравствено реосигурување по постапката определена со оваа тарифа се пресметува и уплатува месечно наназад.

V

Конечна пресметка на премијата се врши со завршната сметка на Фондот.

VI

Општинските заедници на здравството и здравственото осигурување пресметаната премија ја уплатуваат во полза на Фондот, до 20-ти во месецот за изминатиот месец.

VII

Оваа тарифа влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр.01-954/1
23 декември 1974 година
Скопје

Претседател,
**Никола Арсовски,** с. р.

**32.**

Врз основа на член 13 став 1 алинеја 4 од Самоуправната спогодба за здружување на општинските заедници на здравството и здравственото осигурување во Републичка заедница на здравството и здравственото осигурување број 01-1/1 од 11 јуни 1974 година и точка III став 2 од Одлуката за начинот на спроведувањето на здравственото реосигурување и за формирање Фонд на здравственото реосигурување на земјоделците („Службен весник на СРМ“ бр. 10/72 и 9/73), Собранието на Републичката заедница на здравството и здравственото осигурување, на седниците на Соборот на делегатите на корисници на услуги — земјоделци и Соборот на делегатите на работниците организациите на здружениот труд што вршат здравствена дејност — даватели на услуги, одржани на 23 декември 1974 година, донесе

### ТАРИФА

### НА ПРЕМИЈАТА ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО РЕОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ЗА 1975 ГОДИНА

I

Премија за реосигурување на ризиците определени со Одлуката за начинот на спроведувањето на здравственото реосигурување на земјоделците и за формирање Фонд на здравственото реосигурување на земјоделците (во натамошниот текст: Фонд) се пресметува по стапката определена со оваа тарифа.

II

Премијата за здравственото реосигурување изнесува 0,80%.

III

Премијата за здравственото реосигурување се пресметува од основицата што ја сочинува приходот од придонесите за здравственото осигурување на земјоделците.

IV

Премијата за здравственото реосигурување по стапката определена со оваа тарифа се пресметува и уплатува месечно наназад.

Конечна пресметка на премијата се врши со завршната сметка на Фондот.

V

Општинските заедници на здравството и здравственото осигурување пресметаната премија за реосигурување ја уплатуваат во полза на Фондот до 20-ти во месецот за изминатиот месец.

VI

Оваа тарифа влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Број 01-955/1
23 декември 1974 година
Скопје

Претседател,
**Никола Арсовски,** с. р.

**33.**

Врз основа на член 13 став 1 алинеја 5 од Самоуправната спогодба за здружување на општинските заедници на здравството и здравственото осигурување во Републичка заедница на здравството и здравственото осигурување, Собранието на Републичката заедница на здравството и здравственото осигурување, на седниците на Соборот на делегатите на корисниците на услуги — работници и Соборот на делегатите на работниците од организациите на здружениот труд што вршат здравствена дејност — даватели на услуги, одржани на 23 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНИ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ И РАБОТЕЊЕ НА ФОНДОТ НА СОЛИДАРНОСТА НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ

I

Во Одлуката за формирање и работење на Фондот на солидарноста на здравственото осигурување на работниците („Службен весник на СРМ" бр. 10/72, 4/ 73 и 49/73) во точката IV став 1 бројката 2 се заменува со бројката 1,50.

II

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Број 01-956/1
23 декември 1974 година
Скопје

Претседател,
**Никола Арсовски,** с. р.

**34.**

Врз основа на член 12 став 1 алинеја 11 од Самоуправната спогодба за здружување на општинските заедници на здравството и здравственото осигурување во Републичка заедница на здравството и здравственото осигурување и точка XII од Одлуката за утврдување на организациите на управувањето и другите органи на Републичката заедница на здравството и здравственото осигурување, Собранието на Републичката заедница на здравството и здравственото осигурување, на заедничката седница на сите собори на делегатите, одржана на 23 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ОПШТИНСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА 1975 ГОДИНА

I

За обезбедување средства за вршење на задачите и работите на Републичката заедница на здравството и здравственото осигурување за 1975 година, општинските заедници на здравството и здравственото осигурување (во натамошниот текст: општински заедници) уплатуваат придонес во височина утврдена со оваа одлука.

II

Височината на придонесот од претходната точка се утврдува во зависност од вкупните приходи остварени во претходната година на подрачјето на општинската заедница на здравството и здравственото осигурување одделно за здравствено осигурување на работниците и здравственото осигурување на земјоделците.

III

Придонесот на општинските заедници, пресметан според одредбите на претходната точка се утврдува во височина од:

| Општинска заедница | Годишен придонес од здравственото осигурување на: | | Вкупен придонес |
|---|---|---|---|
| | работниците | земјоделците | 1 + 2 |
| | 1 | 2 | 3 |
| 1. Скопје | 1.127.598 | 65.304 | 1.192.901 |
| 2. Битола | 200.080 | 79.065 | 279.145 |
| 3. Прилеп | 150.835 | 65.970 | 216.805 |
| 4. Куманово | 130.190 | 52.185 | 182.375 |
| 5. Кратово | 12.010 | 7.015 | 19.025 |
| 6. Кр. Паланка | 27.280 | 15.135 | 42.415 |
| 7. Титов Велес | 210.155 | 25.980 | 236.135 |
| 8. Кавадарци | 61.460 | 11.670 | 73.130 |
| 9. Штип | 102.425 | 25.110 | 127.535 |
| 10. Пробиштип | 23.125 | 6.565 | 29.690 |
| 11. Радовиш | 29.170 | 24.895 | 54.065 |
| 12. Кочани | 51.370 | 32.530 | 83.900 |
| 13. Делчево | 27.355 | 11.135 | 38.490 |
| 14. Берово | 19.935 | 8.045 | 27.980 |
| 15. Охрид | 105.005 | 13.550 | 118.555 |
| 16. Струга | 60.300 | 7.300 | 67.600 |
| 17. Дебар | 19.650 | 3.400 | 23.050 |
| 18. Кичево | 49.030 | 7.700 | 56.730 |
| 19. Тетово | 111.820 | 87.100 | 198.920 |
| 20. Гостивар | 77.935 | 46.930 | 124.865 |
| 21. Струмица | 93.355 | 72.720 | 166.075 |
| 22. Св Николе | 27.350 | 10.055 | 37.405 |
| ВКУПНО: | 2.717.433 | 679.359 | 3.396.791 |

IV

Од средствата на придонесот ќе се финансираат трошоците за самоуправните органи на Републичката заедница на здравството и здравственото осигурување, Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на Југославија, Стручната служба на Републичката заедница и другите трошоци во врска со спроведувањето на здравственото осигурување.

Општинските заедници придонесот од точката III од оваа одлука ќе го уплатуваат во полза на средствата на Републичката заедница на здравството и здравственото осигурување најдоцна до 10-ти во месецот за изминатиот месец, и тоа во височина на 1/12 од утврдениот годишен износ на придонесот за здравствено осигурување на работниците и здравствено осигурување на земјоделците.

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Број 01-953/1
23 декември 1974 година
Скопје

Претседател,
**Никола Арсовски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — КАВАДАРЦИ

35.

Врз основа на член 88 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ" бр. 21/71) и член 23 став 1 точка 10 од Самоуправната спогодба за основање на Самоуправна интересна заедница на здравството и здравственото осигурување на општина Кавадарци, Собранието на Заедницата на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци, на заедничката седница на сите собори на делегатите, одржана на 26 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ВИСИНАТА НА СТАПКАТА НА ЗАДОЛЖИТЕЛНАТА РЕЗЕРВА ЗА 1975 ГОДИНА

I

Стапката за задолжително издвојување на средствата во резервниот фонд на Заедницата на здравството и здравственото осигурување на работниците — Кавадарци за 1975 година се утврдува на 3% од вкупните приходи на Заедницата.

II

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 01-776
18 декември 1974 година
Кавадарци

Собор на делегати на даватели на услуги,
Претседател,
**д-р Тоде Галев,** с. р.

Собор на делегати на корисници на услуги — работници,
Претседател,
**Марија Ѓорѓиева,** с. р.

Собрание на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци

Претседател,
**Петре Шулевски,** с. р.

36.

Врз основа на член 25 став 2 и 3 и член 24 став 8 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 5/74), точка 3 алинеја 5 од Упатството за начинот на пресметување и плаќање на доходот на организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ" бр. 21/74) и член 23 став 9 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци, на седницата одржана на 26 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ ВО 1975 ГОДИНА

Член 1

а) Стапката на придонесот за здравствено осигурување на работниците се утврдува на 7,40% на бруто односно . . . . на нето основица и тоа:

— за задолжителни видови на здравствена заштита — 2,60%, на бруто односно . . . . на нето основица,

— за здравствена заштита што Заедницата самостојно ја утврдува 4,80% на бруто односно . . . . на нето основица.

б) Стапката на придонесот за здравствено осигурување во случај на несреќа на работа и заболување од професионални болести се утврдува на 0,70% од бруто основица, а ќе се пресметува:

— од доходот на основните организации на здружениот труд разврстени во дејностите од 1 до 8,

— од личниот доход за обврзниците на придонесот разврстени во дејностите 9 и 0.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 01-778
18 декември 1974 година
Кавадарци

Собор на делегатите на даватели на услуги,
Претседател,
**д-р Тоде Галев,** с. р.

Собор на делегати на корисници на услуги — работници,
Претседател,
**Марија Ѓорѓиева,** с. р.

Собрание на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци

Претседател,
**Петре Шулевски,** с. р.

37.

Врз основа на член 100, 101 и 102 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ" бр. 21/71) и член 23 став 9 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци, на седницата одржана на 26 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПРИДОНЕСИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ЗА 1975 ГОДИНА

Член 1

Придонесите на здравственото осигурување на земјоделците за 1975 година се определуваат и тоа:

1. За осигурениците — земјоделци кои имаат сопствена земја (катастарски доход) се плаќа:

а) по стапка од 10% на катастарски приход (доход) во кој се содржани;

— стапката на придонесот за задолжителни видови на здравствена заштита од 2,80%,

— стапката на придонесот за правото од здравствената заштита над задолжителните видови од 7,20%;

б) по 30,00 динари за секој член (за секое осигурено лице) од домаќинствата, кој износ содржи:

— износот од 15,00 динари на име придонес за задолжителни видови на здравствена заштита,

— износот од 15,00 динари на име придонес за правата од здравствено осигурување над задолжителните видови.

2. За осигурениците — земјоделци кои немаат сопствена земја (паушалисти), а се занимаваат со земјоделска дејност се плаќа:

а) по 60,00 динари за домаќинство во кој износ се содржани:

— износот од 30,00 динари на име придонес за задолжителни видови на здравствена заштита,

— износот од 30,00 динари на име придонес за правата од здравствената заштита над задолжителните видови;

б) по 30,00 динари за секој член од домаќинството (за секое осигурено лице), во кој износ се содржани:

— износот од 15,00 динари на име придонес за здравствена заштита, и

— износот од 15,00 динари на име придонес за правата од здравствената заштита над задолжителните видови.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 01-779
18 декември 1974 година
Кавадарци

Собор на делегати на давателите на услуги,
Претседател,
д-р **Тоде Галев**, с. р.

Собор на делегатите на корисници на услуги — земјоделци
Претседател,
**Блаже Велков**, с. р.

Собрание на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци

Претседател,
**Петре Шулевски**, с. р.

**38.**

Врз основа на член 88 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ" бр. 21/71) и член 23 став 1 точка 10 од Самоуправната спогодба за основање на Самоуправна интересна заедница на здравството и здравственото осигурување на општина Кавадарци, Собранието на Заедницата на здравството и здравственото осигурување на земјоделците — Кавадарци, на седницата одржана на 26 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ИЗДВОЈУВАЊЕ СРЕДСТВА ВО РЕЗЕРВЕН ФОНД НА ЗАЕДНИЦАТА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ВО 1975 ГОДИНА

I

За обезбедување финансиска стабилност во работењето и ликвидност во извршувањето на обврските спрема осигурените лица, здравствените работни организации и други организации на кои им се доверува спроведувањето на здравствено осигурување, Заедницата на здравственото осигурување издвојува средства во резервен фонд.

II

Задолжителна резерва за 1975 година ќе се пресметува од основицата што ја сочинува вкупниот приход на Заедницата на здравственото осигурување на земјоделците по стапка од 3%.

III

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 01-781
18 декември 1974 година
Кавадарци

Собор на делегати на давателите на услуги
Претседател,
д-р **Тоде Галев**, с. р.

Собор на делегатите на корисници на услуги — земјоделци,
Претседател,
**Блаже Велков**, с. р.

Собрание на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци

Претседател,
**Петре Шулевски**, с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — ОХРИД

**39.**

Врз основа на член 101, 102 и 103 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ" бр. 21/71) и член 43 точка 3 од Статутот, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Охрид, на својата седница одржана на 27 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА СТАПКИТЕ И ТАРИФАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА 1975 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонесот за здравствено осигурување за 1975 година се определува во височина од 7,0% од личниот доход и другите примања, во која се содржани:

— стапката на придонесот за задолжителните видови на здравствена заштита од 4%, и

— стапката на придонесот за правата од здравствената заштита над задолжителните видови и другите права од здравственото осигурување од 3%.

Тарифата на придонесот за здравствено осигурување за случај несреќа на работа и професионални болести се определува и тоа:

1. за ООЗТ кои се обврзници на данок на доход во височина од 0,40% од остварениот доход, намален за законските и договорните обврски, освен данокот на доход;

2. за ООЗТ и други работни заедници кои не се обврзници на данок на доход во височина од 0,424% од нето личните доходи и други лични примања.

Член 2

Доколку со Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението и другите општи акти на Заедницата основицата за пресметување на придонесите е определена во нето износ, придонесите за здравствено осигурување се пресметуваат и плаќаат по стапки односно тарифа пресметана за примена на нето личните доходи односно примањата.

Пресметувањето на стапките и тарифата на начин предвиден во претходниот став се врши и кога личните доходи исклучително се пресметуваат и плаќаат во нето износ, како и во случај кога во личниот доход не се содржани сите придонеси од личниот доход или истите се плаќаат по други стапки по кои придонесот се пресметува и плаќа за поголем број работници вработени во работни организации.

Член 3

Придонесите ги пресметуваат и плаќаат обврзниците на начин утврден со Законот, со Статутот и другите општи акти на Заедницата.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила по објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 02-9244
27 декември 1974 година
Охрид

Претседател,
**Александар Стефаноски**, с. р.

**40.**

Врз основа на член 101 и 102 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ“, бр. 21/71) и член 40 точка 3 од Статутот, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување Охрид, на својата седница одржана на 27 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ЗА 1975 ГОДИНА

I

Со оваа одлука се утврдува висината на придонесите за финансирање на здравственото осигурување на земјоделските осигуреници при Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Охрид.

II

Земјоделските осигуреници ги плаќаат следните придонеси за здравствено осигурување:

а) За задолжителни видови на здравствена заштита:

— 6% од катастарскиот приход и 20,00 динари за секој осигурен член на домаќинството.

б) За правата на здравствена заштита над задолжителните видови на здравственото осигурување:

— 3% од катастарскиот приход и 10,00 динари паушал за секој осигурен член на домаќинството.

III

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 02-9245
27 декември 1974 година
Охрид

Претседател,
**Александар Стефаноски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — ПРИЛЕП

**41.**

Врз основа на член 101 став 2 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ“ бр. 21/71), член 18 став 2, член 25 и 26 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74), член 30 став 1 точка 9, и член 40 став 1 точка 5 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската и основните заедници на здравството и здравственото осигурување — Прилеп, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Прилеп, по прибавеното мислење од собранијата на основните заедници на здравството и здравственото осигурување Прилеп, Крушево и Македонски Брод, на заедничката седница на Соборот на делегатите на работници-корисници на услугите и Соборот на делегатите од здружениот труд на здравството-даватели на услуги, одржана на 28 декември 1974 година, донесоа

## ОДЛУКА

### ЗА СТАПКИТЕ И ТАРИФАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ И СТАПКАТА НА ПОСЕБНИТЕ ПРИДОНЕСИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО СТРАНСТВО ЗА 1975 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонесот за здравственото осигурување на работниците за 1975 година се определува во висина од 7,50% од личниот доход и другите примања, во кои се содржани:

— стапката на придонесот за задолжителните видови на здравствена заштита — од 2,50%, и

— стапката на придонесот за правата од здравствената заштита над задолжителните видови и другите права од здравственото осигурување — од 5,00%.

Тарифата на придонесот на здравственото осигурување за случај на несреќа на работа и заболувања од професионални болести се определува во височина од 0,50%.

Основица за пресметување на придонесот за случај на несреќа на работа и заболувања од професионални болести кај обврзниците кои формираат доход од областа на стопанството, како и основните организации на здружениот труд регистрирани како установи кои со Номенклатурата за распоредување на стопанските и други организации и државни органи по дејности се распоредени во областа од 1 до 8, претставува остварениот доход намален за пресметаните договорни и законски обврски, освен данокот на доход.

Основица за пресметување на придонесот за случај на несреќа на работа и заболувања од професионални болести кај обврзниците кои не формираат доход, а се распоредени во областа 0 и 9 од споменатата номенклатура, претставува личниот доход и другите примања.

Придонес за несреќа на работа и заболувања од професионални болести од 0,50% од бруто основицата претставуваат и плаќаат и обврзниците на придонесот распоредени во областа 0 и 9 од Номенклатурата за вработените со договор за дело.

Член 2

Посебниот придонес за користење здравствена заштита во странство се определува во височина од 20% од нето личниот доход, односно основицата утврдена со посебна одлука.

Посебниот придонес од претходниот став се распределува по видови на правата сразмерно на стапките, односно тарифата на придонесот определен во член 1 од оваа одлука.

Член 3

Доколку со Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување и другите општи акти на Заедницата, основицата за пресметување на придонесите е определена во нето износ, придонесите за здравственото осигурување се пресметуваат и плаќаат по стапки, односно тарифа пресметана за примена на нето личните доходи односно примањата.

Пресметувањето на стапките и тарифата на начин предвиден во претходниот став се врши и кога личните доходи исклучиво се пресметуваат и плаќаат во нето износи, како и во случај кога во личниот доход не се содржани сите придонеси од личниот доход или истите се плаќаат по други стапки по кои придонесот се пресметува и плаќа за поголем број работници вработени во организации на здружен труд.

Придонесот за здравственото осигурување и посебниот придонес за користење здравствена заштита во странство ќе се уплатува со еден налог-уплатница.

Член 4

Обврзникот за уплата на придонесот должен е, при уплатата на придонесите за здравствено осигурување и посебниот придонес за користење на здравствената заштита во странство, на самиот налог-уплатница да даде спецификација за уплатените придонеси по видови на правата, со ознака на основицата и периодот за кој се пресметува и уплаќа придонесот.

Доколку обврзникот за уплата на придонесите не го пополни налогот-уплатницата согласно одредбите од претходниот став, службата односно поштата нема да го прими налогот-уплатницата во смисла на член 38 од Законот за Службата на општественото книговодство.

Член 5

Придонесите ги пресметуваат и плаќаат обврзниците на начин утврден со закон, Статутот и другите општи акти на Заедницата.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1. I. 1975 година.

Одлуката да се објави во „Службен весник на СРМ".

Број 7236
28 декември 1974 година
Прилеп

Собор на даватели на услуги,
Претседател,
д-р **Светозар Кузманоски,** с. р.

Собор на работници-корисници на услуги,
Претседател,
**Ристо Апостолоски,** с. р.

**42.**

Врз основа на член 101 став 2 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ" бр. 21/71), член 18 став 2, член 25 и 26 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 5/74), член 30 став 1 точка 9 и член 40 став 1 точка 5 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската и основни заедници на здравството и здравственото осигурување — Прилеп, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување Прилеп, по прибавено мислење од собранијата на основните заедници на здравство и здравственото осигурување — Прилеп, Крушево и Македонски Брод, на седницата на соборот на делегатите земјоделци-корисници на услуги и соборот на делегатите-даватели на услугите на ден 28 декември 1974 година донесоа

## ОДЛУКА

### ЗА ВИСОЧИНАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ЗА 1975 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува височината на придонесите за финансирање на здравственото осигурување на земјоделците за 1975 година за подрачјето на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Прилеп.

Член 2

Земјоделските осигуреници го плаќаат придонесот за здравствено осигурување и тоа:

а) **за задолжителните видови на здравствена заштита:**

— 3,90% од катастарскиот доход и 26,00 динари паушал за секој осигурен член од домаќинството — за осигурениците што имаат сопствена земја;

— 143,00 динари паушал по домаќинство и по 26,00 динари паушал за секој член на домаќинството — за осигурениците што немаат сопствена земја.

б) **за правата на здравствена заштита над задолжителните видови што самостојно ги утврдува Заедницата:**

— 2,10% од катастарскиот доход и по 14,00 динари паушал за секој член на домаќинството — за осигурениците што имаат сопствена земја;

— 77,00 динари паушал по домаќинство и по 14,00 дин. паушал по секој член на домаќинството — за осигурениците што немаат сопствена земја.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1. I. 1975 година.

Одлуката да се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 7237
28 декември 1974 година
Прилеп

Собор на даватели на услуги,
Претседател,
д-р **Светозар Кузманоски,** с. р.

Собор на земјоделци-корисници на услуги,
Претседател,
**Стојан Мојсоски,** с. р.

**43.**

Врз основа на член 9 став 1 алинеја 12 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 5/74), член 11 и 30 став 1 точка 15 и член 56 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската и основни заедници на здравството и здравственото осигурување — Прилеп, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Прилеп, на заедничка седница на сите собори на делегатите, одржана на 28 декември 1974 година донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ВРШЕЊЕТО НА СТРУЧНИТЕ, ФИНАНСИСКИТЕ И АДМИНИСТРАТИВНИТЕ РАБОТИ НА ОПШТИНСКАТА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — ПРИЛЕП

Член 1

Во Одлуката за обезбедување вршењето на стручните, финансиските и административните работи на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Прилеп, бр. 3191 од 27 април 1974 година („Службен весник на СРМ" бр. 34/74), глава V се изменува и истата ќе гласи:

„Оваа одлука влегува во сила со објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 мај 1974 година сè до донесувањето на Статутот и другите општи акти на Заедницата и на работната заедница на Стручната служба, но најкасно до 31. 12. 1975 година“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Одлуката да се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 7244
28 декември 1974 година
Прилеп

Претседател,
**Пандо Бачаноски,** с. р.

**44.**

Врз основа на член 9 и 18 став 2 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74), член 23 став 1 алинеја 4 и член 40 став 1 алинеја 11 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската и основни заедници на здравството и здравственото осигурување — Прилеп, Собранието на Основната заедница на здравството и здравственото осигурување — Прилеп, на заедничката седница на сите собори на делегатите, одржана на 26 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ВРШЕЊЕТО НА СТРУЧНИТЕ, ФИНАНСИСКИТЕ И АДМИНИСТРАТИВНИТЕ РАБОТИ НА ОСНОВНАТА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — ПРИЛЕП

Член 1

Вршењето на стручните, финансиските и административните работи на Основната заедница на здравството и здравственото осигурување — Прилеп (во натамошниот текст: Заедница) се обезбедува преку Стручната служба на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Прилеп (во натамошниот текст: Стручна служба).

Стручната служба од претходниот став ќе продолжи и понатаму да ги врши работите и за другите самоуправни интересни заедници, фондови, органи и организации со кои поранешната заедница на здравственото осигурување на работниците — Прилеп има постигнато спогодби-договори за вршењето на определени работи од областа на здравственото осигурување, пензиско-инвалидското осигурување, додатокот на деца, матичната евиденција и сл.

Член 2

Се овластува секретарот на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Прилеп, како раководител на заедничката Стручна служба, да ја врши и функцијата секретар на оваа основна заедница со сите права и обврски што произлегуваат од вршењето на таа функција.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1. I. 1975 година.

Одлуката да се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 7194
26 декември 1974 година
Прилеп

Претседател,
**Душан Стојчески,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — ШТИП

**45.**

Врз основа на член 37 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението, член 17 став 3 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување и член 30 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип, на седницата на Соборот на делегатите на работниците, корисници на услугите, од 27 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗНОСОТ НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ПАТУВАЊЕ, ИСХРАНА И СМЕСТУВАЊЕ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ЗА ВРЕМЕ НА ПАТУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ ВО ДРУГО МЕСТО ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕТО НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

I

При остварување на здравствена заштита во друго место, надвор од подрачјето на Основната заедница на здравството и здравственото осигурување, осигурените лица имаат право да ги користат средствата на јавниот сообраќај и тоа: автобус во патниот и втора класа воз во железничкиот сообраќај.

За извршеното патување на начин одреден во претходниот став, на име трошоци за патување на осигуреното лице се исплатува износ во височина на стварните трошоци.

II

Надоместокот на трошоците за исхрана и сместување за време на патување и престој во друго место во врска со остварувањето на здравствената заштита, изнесува:

— 40 динари — на подрачјето на Општинската заедница;

— 50 динари — на подрачјето надвор од Општинската заедница;

— 90 динари — на подрачјето надвор од СРМ.

За деца до 15 годишна возраст се исплатува надоместок за исхрана и сместување за време на патување и престој во височина од 50% од износите определени во претходниот став.

III

Надоместокот за исхрана од точка 3 на оваа одлука се исплатува во полн износ во случај кога патувањето и престојот трае подолго од 12 часа односно во височина од 50% од пропишаниот износ во случај кога патувањето и престојот трае над 8 до 12 часа.

Кога патувањето и престојот трае 8 и помалку часа надоместок не се исплатува.

IV

На осигурено лице кое остварува здравствена заштита надвор од подрачјето на СРМ, покрај патни и дневни трошоци, му се признаваат и трошоци за ноќевање во височина од 50 динари.

V

Со денот на применувањето на оваа одлука престанува да важи Одлуката за износот на надоместокот на трошоците за исхрана и сместување на осигурените лица за време на патување и престој во друго место во врска со остварувањето на здравствената заштита, број 02-11/9 од 25 декември 1973 година („Службен весник на СРМ“ бр. 2/74).

VI

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Број 04-5/5
27 декември 1974 година
Штип

Претседател,
**Тодор Барбареев,** с. р.

**46.**

Врз основа на член 51 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението, член 17 став 3 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување и член 30 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип, на седницата на Соборот на делегатите на работниците — корисници на услугите од 27 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ВИСОЧИНАТА НА ИЗНОСОТ НА ПОМОШТА ЗА СПРЕМА НА СЕКОЕ НОВОРОДЕНО ДЕТЕ

I

На осигурениците кои здравствено се осигурени со закон и самоуправните општи акти на Заедницата им припаѓа право за помош и спрема за секое новородено дете и тоа:

1. на осигуреник — жена;
2. на осигуреник — маж за случај на породување на неговата брачна другарка која е осигурена како член на неговото семејство;
3. на осигуреник — за случај на породување на било кое женско лице кое е осигурено како член на неговото семејство.

Помош за новородено дете припаѓа и во случај на породување на женско лице на семејството на кое му е обезбедена здравствена заштита поради тоа што осигуреникот се наоѓа на отслужување односно дослужување на воениот рок.

Помош и спрема за секое новородено дете припаѓа и:

1. за дете родено во рок од 300 дена од денот на смртта на осигуреникот односно од денот на разводот на бракот со осигуреникот од кого се изведува тоа право;
2. за дете на осигуреник родено надвор од брак, ако татковството е утврдено врз основа на признание или со правосилна судска пресуда;
3. за усвоено дете на возраст од 6 месеци на живот, ако за тоа дете претходно не е исплатена помош.

II

Височината на помошта за спрема за секое новородено дете изнесува 250 динари.

III

Со денот на примената на оваа одлука престанува да важи Одлуката за височината на износот на помошта за спрема на новородено дете, број 02-11/7 од 25 декември 1973 година („Службен весник на СРМ" бр. 2/74).

IV

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Број 04-5/6
27 декември 1974 година
Штип

Претседател,
**Тодор Барбареев,** с. р.

**47.**

Врз основа на член 52 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението, член 17 став 3 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување и член 30 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип, на седницата на Соборот на делегатите на работниците — корисници на услугите од 27 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ВИСОЧИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗАКОП И ПОСМРТНА ПОМОШ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА

I

Во случај на смрт на член на семејството, на осигуреникот му припаѓа надоместок на трошоци за закоп во височина од:

— 1.250 динари — за член на семејството постар од пет години;

— 1.000 динари — за член на семејството до навршени пет години живот.

Во случај на смрт на осигуреникот, на членовите на семејството кои осигуреникот ги издржувал до својата смрт им припаѓа:

— надоместок на трошоци за закоп во височина од 1.250 динари;

— надоместок на трошоци за посмртна помош во височина на еднострук износ од основот за надоместок на личниот доход од претходната година.

Надоместокот на трошоците за закоп во случај на смрт на осигуреникот, односно на членот на семејството на осигуреникот од став 1 и 2 на оваа точка се исплатува на физичкото односно правното лице што го извршило закопот.

II

Надоместокот за закоп на осигурени лица надвор од подрачјето на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип се исплатува спрема одлуката на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување каде што се врши закопот на осигуреното лице, ако тоа е поповолно за него.

III

Надоместокот на трошоците за закоп на осигурено лице умрено во странство за време додека боравело таму се определува и исплатува во височина на стварните трошоци за закоп во таа земја.

IV

Со денот на примената на оваа одлука престанува да важи Одлуката за височината на надоместокот на трошоците за закоп и посмртна помош на осигурени лица, број 02-11/8 од 25 декември 1973 година („Службен весник на СРМ" бр. 2/74).

V

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Број 04-5/7
27 декември 1974 година
Штип

Претседател,
**Тодор Барбареев,** с. р.

**48.**

Врз основа на член 26 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување и член 29 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип, на заедничка седница на Соборот на делегатите на земјоделците — корисници на услугите и Соборот на делегатите на работниците од организациите на здружениот труд во здравството — даватели на услугите, одржана на 27 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ОД КАТАСТАРСКИОТ ДОХОД И ПАУШАЛНИОТ ПРИДОНЕС ПО ОСИГУРЕНИК ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ ЛУЃЕ ШТО ВРШАТ ЗЕМЈОДЕЛСКА ДЕЈНОСТ СО СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НАД КОИ ПОСТОИ ПРАВО НА СОПСТВЕНОСТ

I

1. Стапката на придонесот од катастарскиот доход на земјоделците се определува во височина од 10%, во која се содржани:

— стапката на придонесот за задолжителните видови на здравствена заштита — од 6,25%;

— стапката на придонесот за правата од здравствената заштита над задолжителните видови — од 3,75%.

2. Паушалниот придонес по осигуреник изнесува 22,00 динари и тоа:

— 13,60 динари — на име придонес за задолжителните видови на здравствена заштита;

— 8,40 динари — на име придонес за правата од здравственото осигурување над задолжителните видови.

3. Земјоделците кои немаат сопствена земја, а се занимаваат со земјоделство ќе плаќаат придонес за здравствено осигурување по 85,00 динари по член годишно, од тоа:

— 57,00 динари — на име придонес за задолжителните видови на здравствена заштита;

— 38,00 динари — на име придонес за правата од здравствената заштита над задолжителните видови.

II

Со денот на применувањето на оваа одлука престанува да важи Одлуката за стапката на придонесот од катастарскиот доход и паушалниот придонес по осигуреник за здравствено осигурување на земјоделците за 1974 година под број 02-4/2 од 29 декември 1973 година („Службен весник на СРМ" бр. 2 и 31/74).

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Број 04-5/8
27 декември 1974 година
Штип

Претседател,
**Тодор Барбареев**, с. р.

---

**49.**

Врз основа на член 27 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип, на заедничката седница на сите собори на Собранието, одржана на 27 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ПРИХОДИТЕ ОД ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ФОНДОТ НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ И ФОНДОТ НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ НА ОПШТИНСКАТА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — ШТИП ВО 1975 ГОДИНА

Член 1

Вкупните приходи на фондот на здравственото осигурување на работниците на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип, реализирани по општини, се распределуваат по стапка и тоа:

— од 24,899430% — како приходи на соодветниот фонд на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип;

— од 75,100570% — како приходи на соодветниот фонд на Основната заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип, односно како приходи на соодветниот фонд на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Виница.

Член 2

Вкупните приходи на Фондот на здравственото осигурување на земјоделците на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип, реализирани по општини, се распределуваат по стапка и тоа:

— од 12,894320% — како приходи на соодветниот фонд на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип;

— од 87,105680% — како приходи на соодветниот фонд на Основната заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип, односно како приходи на соодветниот фонд на Основната заедница на здравството и здравственото осигурување — Виница.

Член 3

Од приходите на Фондот на здравственото осигурување на работниците на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип се подмируваат обврските што произлегуваат од следните права:

1. надоместокот на личен доход за време на привремена спреченост за работа од 31-от ден на спреченоста;

2. надоместокот на трошоците за патување, исхрана и сместување во врска со остварувањето на здравствената заштита;

3. надоместокот на помошта за спрема за секое новородено дете;

4. надоместокот на трошоците за закоп и посмртна помош;

5. надоместокот во случај на бременост и породување и надоместокот за работа со скратено работно време;

6. надоместокот за протези, ортопедски помагала, помошни и санитарни справи;

7. надоместокот на трошоците за работењето на Републичката заедница на здравството и здравственото осигурување;

8. надоместокот за реосигурување;

9. надоместокот за солидарност;

10. надоместокот за работењето на Стручната служба;

11. надоместокот за трошоците на самоуправата;

12. надоместокот на трошоците на паричниот и платниот промет;

13. надоместокот за работењето на лекарските комисии.

Од приходите на фондот на здравственото осигурување на земјоделците на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип, се подмируваат обврските што произлегуваат од следните права:

1. надоместокот на трошоците за работењето на Републичката заедница на здравството и здравственото осигурување;

2. надоместокот за реосигурување;

3. надоместокот за солидарност;

4. надоместокот за работењето на Стручната служба;

5. надоместокот на органот за приходи на општината за утврдување и наплата на придонесот;

6. надоместокот за трошоците на самоуправата;

7. надоместокот за трошоците на паричниот и платниот промет.

Член 4

Од приходите на Фондот на здравственото осигурување на работниците на Основната заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип, односно Виница, се подмируваат обврските што произлегуваат од:

1. Обавезни видови на здравствена заштита:

— амбулантно — поликлиничко лекување,

— трошоците на лекарствата,

— трошоците од забоздравствената заштита и забната протетика,

— трошоците од стационарното лекување,

— трошоците на здравствената заштита во случај на несреќа на работа и професионално заболување.

2. Здравствена заштита што самостојно ја утврдува Заедницата:

— трошоците на амбулантно-поликлиничкото лекување;

— трошоците на лекарствата;

— трошоците за забоздравствената заштита и забната протетика;

— трошоците на стационарно лекување;

— трошоците на платниот промет;

— трошоците на самоуправата.

Од приходите на Фондот на здравственото осигурување на земјоделците на Основната заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип, односно Виница, се подмируваат обврските што произлегуваат:

1. Од обавезните видови на здравствената заштита:

— трошоците од амбулантно-поликлиничко лекување;

— трошоците на лекарствата;

— трошоците на стационарното лекување.

2. Од здравствената заштита што самостојно ја утврдува Заедницата:

— трошоците на амбулантно-поликлиничко лекување;

— трошоците на лекарствата;

— трошоците на забоздравствената заштита;

— трошоците на стационарното лекување;

— трошоците на платниот промет;

— трошоците на самоуправата.

Член 5

Признавањето и преведувањето на средствата по стапките од член 1 и 2 на оваа одлука, како приходи на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип, односно како приходи на Основната заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип, односно Виница, го врши надлежната Служба на општественото книговодство.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Број 04-5/10
27 декември 1974 година
Штип

Претседател,
**Тодор Барбареев,** с. р.

# КОНКУРСИ

Врз основа на Одлуката на Извршниот одбор на Стопанската банка — Филијала Тетово, донесена на VI-тата седница од 14. I. 1975 година, а во согласност со одредбите од Основниот закон за изградба на инвестициони објекти и Правилникот за начинот и постапката за отстапување изградба на инвестициони објекти, Стручната служба на инвеститорот објавува

## ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

за отстапување на работите за климатизација, греење и вентилација на инвестициониот објект Стопанска банка — Филијала Тетово, чија вредност изнесува 3.800.000 динари. За предметните работи на објектот деловна зграда П+7 ката за Стопанската банка — Филијала Тетово изготвена е техничка документација бр. 3374 и истата се наоѓа во Комунапроект — Тетово каде можат да се добијат сите информации во врска со наддавањето секој работен ден од 12,00 до 15,00 часот.

Сите работи мораат да бидат изведени во временски период од 8 месеци. Почетокот и завршетокот на поедини видови работи е утврден со оперативен план, почетокот е предвиден за 15. IV. 1975 година. Оперативниот план е составен дел на инвестиционо-техничката документација и секој понудувач е должен во текот на изведувањето на поедини работи да ја усклади својата работа со оперативниот план.

За оценување на најповолен понудувач инвеститорот ќе се придржува на следните критериуми, кои понудувачот во својата понуда треба да ги наведе:

1. Цена на изведувањето,
2. Рок на изведувањето,
3. Дали нуди обрачун на работите по систем клуч во рака или према изведени количини (предност „клуч во рака“),
4. Попис на досега изведените работи,
5. Фактор за изведување на непредвидени работи.

Понудите се доставуваат во запечатен плик.

Кон понудата мора да се приложи извод од регистрацијата на понудувачот од кој ќе се види регистриран предмет на делување. Заверените преписи — изводи не можат да бидат постари од 6 месеци. Краен рок за доставување на понудата, која треба да ги содржи сите елементи од овој оглас, а и спрема член 8 од Правилникот за начинот и постапката за отстапување на изградба на инвестициони објекти, е 14. III. 1975 година до 12,00 часот. Сите понуди кои ќе бидат поднесени по овој рок ќе се сметаат за ненавремено доставени.

Јавното наддавање ќе се одржи на 14. III. 1975 година во 12,00 часот во просториите на Комунапроект- Тетово, пл. „Маршал Тито“ 25, и тоа ако се поднесени најмалку две понуди, без обѕир дали ќе бидат присутни овластените претставници на понудувачите. (17)

---

Советот на Филозофско-историскиот факултет во Скопје

распишува

**КОНКУРС**

— за еден наставник (во сите звања) по предметот Методика на наставата по педагогија;

— за еден асистент по предметот Општа историја — нов век;

— за еден асистент по предметот Историја на народите на Југославија — нов век.

Пријавите таксирани со по 2 динари, останатите документи, научни и стручни трудови (доколку има такви), по еден примерок од истите, да се доставаат до архивата на Факултетот.

Конкурсот трае еден месец од објавувањето во „Нова Македонија“. (15)

---

Конкурсната комисија на ООЗТ Клиника за нефролошки болести при Медицинскиот факултет — Скопје

распишува

**КОНКУРС**

за пополнување на следните работни места:

1. Лекари 2
2. Медицински сестри 2

Покрај општите услови предвидени со Законот за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд, пријавените кандидати треба да ги исполнуваат посебните услови предвидени во Самоуправната спогодба за начелата, основите, критериумите и процедурата на кадровската политика на Медицинскиот факултет во услови на отворена систематизација.

Под точка 1. — да има завршено медицински факултет и да се служи со еден или два странски јазици.

Предност ќе имаат кандидатите со регулирана воена обврска.

Под точка 2. — да има завршено средно медицинско училиште за медицински сестри и работно искуство во интензивна нега на болни.

Конкурсот е отворен 15 дена до пополнувањето на работните места.

Првото тестирање ќе се изврши најкасно три дена по затворањето на конкурсот.

Молбите со потребните документи се поднесуваат до административната служба на ООЗТ Клиника за нефролошки болести при Медицинскиот факултет со назначување за Конкурсната комисија. (16)

---

## СОДРЖИНА

Страна


20. Решение за утврдување престанување на функцијата претседател и членови и за именување претседател и членови на Комисијата за материјално обезбедување на учесниците од НОВ — — — — — — 33
21. Решение за именување советник на републичкиот секретар за здравство и социјална политика — — — — — — — — — — — 33
22. Решение за именување главен републички инспектор на Републичкиот урбанистички инспекторат — — — — — — — — 33
23. Решение за именување советник на републичкиот секретар за сообраќај и врски — 34
24. Решение за разрешување од должност советник на републичкиот секретар за индустрија и трговија — — — — — — — — 34
25. Програма за задолжителна имунизација на населението против заразните болести во 1975 година — — — — — — — — — 34

**Општествени договори и самоуправни спогодби**

29. Општествен договор за изменување и дополнување на Општествениот договор за развој на електроенергетиката во Социјалистичка Република Македонија за периодот до 1975 година — — — — — — — — — 36

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

30. Одлука за измена на Одлуката за определување на основицата по која пресметуваат и плаќаат придонес за вработување работниците луѓе што вршат дејност со личен труд и со средства во сопственост на граѓаните — — — — — — — — — — 37
31. Тарифа на премијата за здравственото реосигурување на работниците за 1975 година — — — — — — — — — — — 38
32. Тарифа на премијата за здравственото реосигурување на земјоделците за 1975 година — — — — — — — — — — — 38
33. Одлука за измени на Одлуката за формирање и работење на Фондот на солидарноста на здравственото осигурување на работниците — — — — — — — — — — 39
34. Одлука за утврдување на придонесите на општинските заедници на здравството и здравственото осигурување за финансирање на Републичката заедница на здравството и здравственото осигурување за 1975 година — 39
35. Одлука за висината на стапката на задолжителната резерва за 1975 година — — 40
36. Одлука за утврдување висината на придонесот на здравственото осигурување на работниците во 1975 година — — — — — 40
37. Одлука за придонесите на здравственото осигурување на земјоделците за 1975 година — — — — — — — — — — — 40
38. Одлука за задолжително издвојување средства во Резервен фонд на Заедницата на здравството и здравственото осигурување на земјоделците во 1975 година — — — — 41
39. Одлука за стапките и тарифата на придонесите за здравствено осигурување на работниците за 1975 година — — — — — — 41
40. Одлука за висината на придонесите за финансирање на здравственото осигурување на земјоделците за 1975 година — — — — 42
41. Одлука за стапките и тарифата на придонесот за здравствено осигурување на работниците и стапката на посебните придонеси за користење на здравствена заштита во странство за 1975 година — — — — — 42
42. Одлука за височината на придонесите за финансирање на здравственото осигурување на земјоделците за 1975 година — — 43
43. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за обезбедување вршењето на стручните, финансиските и административните работи на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Прилеп — — — — — — — — — — — — 43
44. Одлука за обезбедување вршењето на стручните, финансиските и административните работи на Основната заедница на здравството и здравственото осигурување — Прилеп — — — — — — — — — — — 44
45. Одлука за износот на надоместокот на трошоците за патување, исхрана и сместување на осигурените лица за време на патување и престој во друго место во врска со остварувањето на здравствената заштита — — 44
46. Одлука за височината на износот на помошта за спрема на секое новородено дете — 45
47. Одлука за височината на надоместокот на трошоците за закоп и посмртна помош на осигурените лица — — — — — — — — 45
48. Одлука за стапката на придонесот од катастарскиот доход и паушалниот придонес по осигуреник за здравствено осигурување на работните луѓе што вршат земјоделска дејност со средства за работа над кои постои право на сопственост — — — — — 46
49. Одлука за распределба на приходите од придонесите за здравствено осигурување на Фондот на здравственото осигурување на работниците и Фондот на здравственото осигурување на земјоделците на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип во 1975 година — 46


**Издавач: „Службен весник на СРМ“ — издавачко претпријатие, Скопје, ул. „29 Ноември“ бр. 10а. Пошт. фах 51. Тел. 32-836. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро-сметка број 40100-601-128 кај Службата на општественото книговодство. Печат Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје**